Бр./Nr 12-324/5
07 -05- 2026 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава за прекршување на законските одредби во изборен процес поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 31-та седница одржана на 22.04.2026 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот бр. 12-2926/1 од 06.11.2025 година, оформен по пријава од познат подносител со наводи за сомневање за незаконско постапување на службени лица од институции во општина ---- во врска со снимање на предизборен спот со малолетни деца (ученици) во кој било најавено пуштање во употреба на пливачки базен, кој бил реконструиран со средства од буџетот на општината, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај, од причина што наводите не се потврдуваат.

Пријавата и прилозите доставени кон истата да се достават на понатамошно постапување до Министерството за социјална политика, демографија и млади и Народен правобранител на Република Северна Македонија.

Предметот со бр. 12-2926/1 од 06.11.2025 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 06.11.2025 година, поднесена е пријава со наводи за сомневање за незаконско постапување на службени лица од институции во општина ---- во врска со снимање на предизборен спот со

малолетни деца (ученици) во кој било најавено пуштање во употреба на пливачки базен, кој бил реконструиран со средства од буџетот на општината и оформен е предмет бр. 12-2926/1 од 06.11.2025 година.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за доставување на податоци и информации до ООУ "----" ---- и општина ----.
Во законски утврдениот рок, добиени се бараните податоци и информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:
Во доставеното Извествување од општина ---- е наведено дека општината нема предвидено средства за реконструкција на затворениот базен во 2025 година и овој проект не е дел од Програмата за активностите на општина ---- за 2025 година, ниту е дел од Годишниот план за јавни набавки за 2025 година. Јавен настан по повод пуштање во употреба на реконструираниот базен не бил одржан. Завршувањето на реконструкцијата на затворениот базен била спроведена пред распишување на изборите, и истото било објавено на локалната телевизија на ден 18.09.2025 година, преку Изјава на тогаш актуелниот градоначалник, а на 19.09.2025 година на социјалните медиуми било објавено видео за завршената реконструкција.
Во доставеното Известување од страна на училиштето е наведено дека училишниот базен не бил во употреба во последните три години и дека истиот бил ставен во употреба со почетокот на учебната 2025/2026 година. Со финансиски средства на училиштето - блок дотација, сметка 903, биле спроведени две постапки за јавни набавки. Едната постапка спроведена за реконструкција на машински дел на внатрешен базен, резултирала со реконструкција започната на 13.12.2024 година, додека постапка другата била за санација на дел од водоводна мрежа во училишниот базен, којашто резултирала со санацијата започната на 10.12.2024 година.

ДКСК констатира дека во конкретниот случај, наводите во пријавата не се потврдуваат, од причина што:
Реконструкцијата и санацијата на базенот е финансирана од страна на училиштето со средства добиени од преку блок дотација од Буџетот на РСМ, и истите се започнати пред донесувањето на одлуката за распишување на избори, со што не е извршена повреда на член 8-а став 1 алинеја 1 од Изборниот Законик („Службен весник на Република Македонија", бр. 40/2006; 136/2008; 148/2008; 155/2008; 163/2008; 44/2011; 51/2011; 142/2012; 31/2013; 34/2013; 14/2014; 30/2014; 196/2015; 35/2016; 97/2016; 99/2016; 136/2016; 142/2016; 67/2017; 125/2017; 35/2018;

99/2018; 140/2018; 208/2018 и 27/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 98/2019, 42/2020, 74/2021, 215/2021, 58/2024 и 76/2024) .

Дополнително, предизборниот спот не претставува одржување на јавен настан за пуштање во употреба на базенот, во смисла на член 8-а став 2 алинеја 1 од Изборниот Законик. Исто така, во известувањата доставени до ДКСК од страна на училиштето и општината е потврдено дека во просториите на училиштето не бил одржан јавен настан за пуштање во употреба на базенот.

Во однос на наводот дека пријавените лица во горенаведеното училиште снимале предизборен спот со малолетни деца (ученици), ДКСК е ненадлежна од причина што надлежен орган за работите од областа на заштитата на децата согласно Законот за заштита на децата, е Министерството за социјална политика, демографија и млади и Народен правобранител на Република Северна Македонија.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај, од причина што наводите не се потврдуваат, и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изработил: м-р В.З. Виш соработник
Контролирал: м-р К.З. Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: В.ХН. Член/anëtar на ДКСК

**Доставено до:**
- подносителот на пријавата